# ЗАКОН ЗА КРЕДИТНО БИРО[1]

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето и работењето на кредитно биро, обработката на податоците, видот на податоците и начинот на нивно доставување до кредитното биро.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. „Кредитно биро“ е акционерско друштво, кое врши целосно или делумно, собирање и обработување на податоци за обврските на субјектите и/или други податоци определени со овој закон, со цел да обезбеди извештаи за субјектот на податоците;
2. „Лице“ е домашно или странско правно или физичко лице;
3. „Субјект на податоци“ е секое лице на кое се однесуваат обработените податоци;
4. „Давател на податоци“ е секое лице кое доставува податоци за обврските на правни и физички лица до кредитното биро во согласност со овој закон;
5. „Корисник на податоци“ е лице кое ги користи извештаите на кредитното биро, односно на кое му се доставуваат извештаи заради извршување на редовни работи, во согласност со овој закон;
6. „Извештај“ е документ во писмена или електронска форма, изготвен од страна на кредитното биро, врз основа на собраните податоци за субјектот на податоци и тоа: кредитен извештај и извештај за кредитно рангирање;
7. „Кредитен извештај“ е извештај за кредитната историја кој содржи податоци за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на субјектот на податоци;
8. „Извештај за кредитно рангирање“ е извештај со нумерички или алфабетски знак доделен на субјектот на податоци кој укажува на нивото на ризик од неплаќање на финансиските обврски од страна на субјектот на податоци и
9.„Досие“ се сите податоци за поединечен субјект на податоци што се евидентирани и задржани од страна на кредитното биро, без оглед на формата во која се чуваат податоците.

### Член 3

(1) Кредитно биро во Република Македонија може да основаат банки со дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: банки), друштва основани само од банки и акционерски друштва основани и со седиште во Република Македонија.

[1] Пречистениот текст на Законот за кредитно биро го опфаќа Законот за кредитно биро и измените и дополнувањата на Законот („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/08, 24/11, 199/14, 192/15 и 83/18).

(2) Кредитно биро се основа како акционерско друштво под услови и на начин утврдени со Законот за трговските друштва и овој закон.
(3) При користење на податоците и извештаите утврдени со овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци ако со овој закон поинаку не е утврдено.

## II. УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА КРЕДИТНО БИРО

### Член 4

Акционерските друштва од член 3 став (1) на овој закон, освен банките и друштвата основани само од банки, потребно е да ги исполнуваат следниве услови:
– да има минимум основна главнина во паричен облик од 1.000.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на основањето на кредитно биро,
– да е основано најмалку три години пред денот на основањето на кредитно биро и да има позитивни финансиски резултати во последните две години и
– да се занимава со извршување на дејност од областа на осигурувањето, финансискиот лизинг, телекомуникациските услуги или информатичката технологија.

### Член 5

(1) Кредитното биро ги извршува активностите непристрасно и е должно да ја обезбеди приватноста на субјектот на податоците.
(2) Кредитното биро го уредува своето работење со акт кој се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и на интернет страницата на кредитното биро.
(3) На актот од ставот (2) на овој член согласност дава Дирекцијата за заштита на личните податоци во делот кој се однесува на заштитата на личните податоци.

### Член 6

(1) Во кредитното биро се доставуваат податоци за лица кои се однесуваат на обврски по кредити, гаранции, акредитиви, заеми, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комунални давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги.
(2) Покрај податоците од ставот (1) од овој член, во кредитното биро се доставуваат и податоци за секоја блокада и деблокада на трансакциска сметка во реално време преку Единствениот регистар на трансакциски сметки.
(3) Податоците од ставот (1) на овој член се доставуваат до кредитното биро во динамика утврдена со договорот склучен меѓу кредитното биро и давателот на податоци.

**Член 7**

(1) Кредитното биро врз основа на добиените податоци од давателите на податоци од членот 11 од овој закон изготвува и издава кредитен извештај и/или извештај за кредитно рангирање за субјектот на податоци.

(2) Кредитниот извештај може да содржи и податоци обезбедени согласно со членот 11-а од овој закон.

(3) Извештајот за кредитно рангирање се изготвува врз основа на податоците од членот 6 ставови (1) и (2) од овој закон и не смее да ги има во предвид расата, полот, религијата, националноста, брачната состојба, староста, платата, занимањето, работодавачот, датумот на вработување, титулата, местото на живеење, договорите за наем, обврските за алиментација и која било друга информација која не е обезбедена во согласност со членовите 6 и 11 од овој закон.

**Член 7-а**

(1) За изготвување на извештај за кредитно рангирање, кредитното биро користи еден или повеќе модели изработени согласно со стандардите што ги применуваат меѓународно активни кредитни бироа.

(2) Кредитното биро е должно на својата интернет страница да ги објави моделите врз основа на кои ги изготвува извештаите за кредитно рангирање, со објаснување и примери.

(3) Корисникот на податоци, односно субјектот на податоци во барањето за добивање извештај за кредитно рангирање избира еден или повеќе модели за изготвување на извештајот за кредитно рангирање.

**Член 8**

(1) Кредитно биро со акт ги утврдува стандардите во врска со доверливоста, точноста, релевантноста и користењето на податоци во согласност со овој закон.

(2) Актот од ставот (1) на овој член ги содржат организациските, техничките и административните мерки, кои се задолжителни за кредитното биро, за давателите на податоци и за корисниците на податоци.

(3) На актот од ставот (1) на овој член согласност дава Дирекцијата за заштита на личните податоци во делот кој се однесува на стандардите за заштита на личните податоци.

## 1. Доставување на податоци до кредитно биро

**Член 9**

(1) Доставување на податоци до кредитното биро се врши само врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу давателот на податоците и кредитното биро.

(2) Доставувањето на податоците до кредитното биро се врши без посебна согласност од субјектите на податоците.

(3) Договорот од ставот (1) на овој член задолжително содржи:

- вид и обем на податоците што се доставуваат,
- динамика на доставување на податоците,
- начин на пренос на податоците,

- обезбедување на писмена согласност од субјектот на податоците за користење на податоците, ако е физичко лице,
- ограничувања за користење на податоците и извештаите и
- процедури за заштита на податоците.

**Член 10**

(1) Давателите на податоци доставуваат податоци што ги стекнале исклучиво при извршување на своите редовни работи.
(2) Доставувањето на податоците до кредитното биро, во согласност со овој закон, не се смета за повреда на банкарска, даночна или деловна тајна.

**Член 11**

Даватели на податоци се :
- банки, филијали на странски банки и филијали на банки од земји членки на Европската унија,
- штедилници,
- осигурителни друштва,
- даватели на финансиски лизинг,
- други даватели на кредити,
- финансиски друштва,
- Управата за јавни приходи,
- градот Скопје и единиците на локалната самоуправа,
- даватели на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката, телекомуникациите,
- други правни лица кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица и
- физички лици кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва.

**Член 11-а**

Кредитното биро може, во согласност со закон, да обезбедува и податоци од јавни книги и регистри и други јавно достапни податоци за субјектите на податоци.

**Член 12**

Доставувањето на податоците од давателите на податоци од членот 11 од овој закон до кредитното биро се врши без надоместок.

**Член 13**

Давателите на податоци ги доставуваат до кредитното биро следните податоци за правни лица:
- назив и седиште,
- единствен матичен број на субјектот (ЕМБС),
- даночен број на субјектот,
- вид на обврската,

- износ на обврската,
- вид на обезбедување,
- датум и основ на настанување на обврската,
- рок на пристигнување на обврската,
- денови на доцнење,
- статус на обврската,
- податок за блокада/деблокада на трансакциска сметка,
- поврзани субјекти (правни лица капитално поврзани со должникот) и
- висина на ануитет или рата.

**Член 14**

Давателите на податоци можат да ги доставуваат до кредитното биро следниве податоци за физички лица:
- име и презиме,
- адреса,
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ),
- износ и вид на обврските,
- вид на обезбедување,
- датум и основ на настанување на обврските,
- рок на пристигнување на обврската,
- денови на доцнење во исполнување на обврските,
- статус на обврската,
- податок за блокада/деблокада на трансакциска сметка,
- обврски на субјектот на податоци како жирант, кокредитобарател или солидарен должник и
- висина на ануитетот или рата.

**Член 15**

(1) Давателите на податоци ги доставуваат податоците до кредитното биро исклучиво во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.
(2) Начинот на чување на податоците во кредитното биро се уредува со акт. Дирекцијата за заштита на личните податоци дава согласност на актот во делот кој се однесува на заштитата на личните податоци.

**2. Обработка и чување на податоци**
**и форма, содржина и доставување на извештаи**

**Член 16**

(1) Кредитното биро ги обработува добиените податоци и изготвува извештаи.
(2) Кредитното биро не смее да изготви извештај за субјектот на податоци без да постои барање од корисник на податоци или од субјектот на податоците.
(3) Извештајот на кредитно биро содржи исклучиво податоци што се однесуваат за субјектот на податоците. Податоците за други лица кои на кој било начин се поврзани со субјектот на податоците, вклучувајќи и податоците за жирантите,

кокредитобарателите и солидарните должници, не смее да бидат содржани во извештајот.
(4) Извештајот на кредитното биро не може да содржи податоци за идентитетот на давателите на податоци до кредитното биро, ниту за обврските на субјектот на податоци кон одделните даватели на податоците.

**Член 17**

Кредитното биро е должно да ја објави формата на извештаите што ги изготвува за субјектите на податоците на својата интернет страна а може и на друг начин да ја направи достапна за давателите на податоци и за корисниците на податоци.

**Член 18**

(1) Кредитното биро доставува извештаи до корисниците на податоците во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.
(2) Кредитното биро доставува извештаи до субјектите на податоци на еден од следниве начини:
- во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот,
- во писмена форма, на шалтерите определени од кредитното биро за таа намена и
- во писмена форма, на адреса на субјектот на податоците.
(3) Извештаите за субјектите на податоци изготвени од кредитното биро можат да се издаваат на корисници на податоци преку банка со седиште во Република Македонија како дел од активноста за посредување во склучување договори за кредити и заеми, врз основа на договор склучен со кредитното биро.
(4) Извештаите од ставот (3) на овој член кредитното биро ги доставува до банките во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.

**Член 19**

Кредитното биро е должно да ги чува добиените податоци во период од пет години по исплатата на обврската или затворањето на сметката на субјектот на податоците.

## 3. Користење на податоците и извештаите

**Член 20**

(1) Корисници на податоци може да бидат:
- давателите на податоци од член 11 на овој закон кои во согласност со овој закон имаат склучен договор со кредитното биро за доставување на податоци, освен Управата за јавни приходи, градот Скопје и единиците на локалната самоуправа,
- субјектите на податоците и
- Кредитни бироа или субјекти од други земји кои прибираат и обработуваат податоци за обврските и други податоци и изготвуваат извештаи за субјектите на податоци, со кои кредитното биро има склучено договор за размена на податоци.

(2) Минималниот износ на обврски за кој одделните корисници на податоци може да бараат и да добијат извештај од кредитното биро за субјектот на податоци се утврдува со акт што го донесува кредитното биро.

**Член 21**

(1) Кредитното биро може да подготви и да достави извештај до корисник на податоци исклучиво врз основа на претходна согласност дадена од страна на субјектот на податоци во писмена форма, ако е физичко лице.
(2) Писмената согласност се однесува исклучиво на податоците кои кредитното биро ги обработува за субјектот на податоците, а не и за лицата кои се поврзани со субјектот на податоците по каков било основ.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, писмена согласност на субјектот на податоците не е потребна доколку кредитното биро постапува по писмено барање на суд и по барање на извршител согласно со закон.
(4) Писмената согласност на субјектот со издвоен потпис може да биде дадена во посебен дел и на самото барање за одобрување на кредит, осигурување, односно засновање на деловен однос со корисникот на податоците.

**Член 22**

Начинот и постапката на користењето на податоците се уредуваат со акт што го донесува кредитното биро, а кој се објавува на интернет страницата на кредитното биро.

**4. Известување до давателите и корисниците на податоци**

**Член 23**

Кредитно биро е должно на интернет страницата и во деловните простории на кредитното биро да објави известување за правата и обврските на давателите на податоци и на корисниците на податоци што произлегуваат од овој закон и актите на кредитното биро.

**5. Известување до субјектот на податоците**

**Член 24**

(1) Кредитното биро, на барање на субјектот на податоци, е должно да му ги достави следниве податоци:
- податоци од досието на субјектот на податоците,
- изворите на податоците и идентитетот на давателите на податоците и
- идентитетот на секој корисник на податоци кој добил извештај за субјектот на податоците во текот на една година пред датумот на кој е доставено барањето.
(2) Идентитетот на давателите на податоци и на корисниците на податоци го вклучува името или називот на лицето (полниот назив под кое тоа лице ја води деловната активност) и адресата и телефонскиот број на лицето.

**Член 25**

Кредитното биро не сноси одговорност заради податоците содржани во извештајот или за каква било неповолна активност преземена од корисникот на

податоците спрема субјектот на податоците, заснована целосно или делумно на извештајот, освен во случај на доставување на лажни или неточни информации со цел да му наштети на субјектот на податоци или на давателот на податоци или на корисникот на податоци.

**6. Информирање за правата на субјектот на податоците**
**Член 26**

(1) На барање на субјектот на податоците, кредитното биро е должно на субјектот на податоци да му достави информација за неговите права во согласност со овој закон и актите на кредитното биро.
(2) Информацијата од ставот (1) на овој член содржи:
- краток опис на сите права на субјектот на податоците во согласност со овој закон и актите на кредитното биро и
- објаснување за тоа како субјектот на податоците може да ги остварува правата во согласност со овој закон, вклучувајќи го и правото на субјектот на податоците да контактира организација за заштита на потрошувачите или Дирекцијата за заштита на личните податоци.
(3) За информирање на субјектите на податоци кредитното биро е должно да воспостави посебна телефонска линија која ќе биде достапна во текот на работното време.

**7. Повлекување на согласност**
**Член 27**

(1) Субјектот на податоците, ако е физичко лице, може со писмена изјава да ја повлече согласноста за изработка и доставување на извештаи од страна на кредитното биро, дадена на корисниците на податоци во согласност со овој закон.
(2) Писмената изјава за повлекување на согласноста се поднесува кај корисникот на податоци кај кого е дадена согласноста за користење на податоци од кредитното биро и има дејство само доколку корисникот на податоци до моментот на приемот на изјавата за повлекување на согласноста нема доставено барање за добивање на извештај.

**8. Оспорување на податоци**
**Член 28**

(1) Субјектот на податоците има право, откако соодветно ќе се идентификува, од кредитното биро да бара копија од извештај кој е веќе изготвен за потребите на одреден корисник на податоци и може да поднесе писмено известување со кое ја оспорува точноста или целосноста на кој било податок содржан во извештајот и/или досието.
(2) Доколку субјектот на податоците испрати писмено известување со приложени соодветни докази до кредитното биро, за оспорување на целосноста и/или точноста на кој било податок содржан во извештајот и/или досието за субјектот на податоците, кредитното биро ги проверува податоците без надомест и го евидентира статусот на оспорените податоци во извештајот и/или досието за субјектот на податоци.

(3) Постапката во случај на оспорување на целосноста и/или точноста на податоците ја води посебно тело на кредитното биро, чиј начин на работа поблиску се уредува со статутот на кредитното биро.

**Член 29**

Кредитното биро најдоцна во рок од пет работни дена од денот на добивањето на писменото известување од член 28 став (1) на овој закон ги известува за тоа сите даватели на податоци кои обезбедиле каков било дел од оспорените податоци, и им ги обезбедува сите релевантни информации кои се предмет на спорот.

**Член 30**

(1) Врз основа на поднесеното известување за оспорување на целосноста и/или точноста на кој било податок содржан во извештајот и/или досието на субјектот на податоците и приложените докази, Кредитното биро е должно да изврши проверка на оспорените податоци или да го извести субјектот на податоци дека не постојат објективни причини и докази за проверка на податоците.
(2) Кредитното биро може да ја прекине проверката на податоците што се оспорени, доколку:
- несомнено утврди дека оспорувањето е произволно или неосновано и
- субјектот на податоците не доставил соодветни докази кои ја потврдуваат нецелосноста и/или неточноста на оспорените податоци.
(3) Кредитното биро е должно да го извести субјектот на податоците за прекинувањето од ставот (2) на овој член, во рок од пет работни дена од прекинувањето.

**Член 31**

(1) Доколку при проверката на податоците се утврди дека дел од податоците се нецелосни или неточни или не може да се проверат, кредитното биро веднаш го брише или соодветно го менува тој дел од податоците во извештајот и/или досието и за тоа веднаш ги известува субјектот на податоците и корисникот на тие податоци.
(2) Кредитното биро не може повторно да ги внесе податоците што се избришани согласно ставот (1) од овој член, освен во случај да му бидат доставени докази со кои се потврдува дека податоците се целосни и точни.
(3) Кредитното биро го известува субјектот на податоците за повторното внесување на податоците во писмена форма, во рок од пет работни дена од денот на повторното внесување на податоците.

**Член 32**

(1) Кредитното биро е должно проверката на податоците да ја заврши во рок од 15 дена од приемот на известувањето за оспорување на целосноста и/или
точноста на кој било податок содржан во извештајот и/или досието на субјектот на податоци и за резултатите од проверката писмено да го извести субјектот на податоците во рок од пет работни дена по завршувањето на проверката.

(2) Во периодот додека трае постапката за проверка на целосноста и точноста на оспорените податоци, кредитното биро е должно во извештај за субјектот на податоците да стави забелешка дека податоците се оспорени од субјектот на податоците.

**9. Обврски на давателите на податоци**

**Член 33**

Давателот на податоци не смее да доставува податоци до кредитното биро за кои има сознание дека се погрешни и/или невистинити.

**Член 34**

(1) Давателот на податоци е должен да ги преземе сите мерки со цел податоците што ги доставува до кредитното биро да бидат целосни и точни.
(2) Давателот на податоци не смее да доставува податоци до кредитното биро доколку бил писмено известен од субјектот на податоците дека конкретниот податок е неточен.

**Член 35**

(1) Давателите на податоци имаат обврска редовно да вршат корегирање и ажурирање на податоците за субјектите.
(2) Давателот на податоци кој по доставувањето на податоците до кредитното биро утврди дека податоците се нецелосни или неточни, веднаш го известува кредитното биро за тоа, и ги доставува на кредитното биро сите корекции на тие податоци, или кои било дополнителни информации кои се потребни за податоците да бидат целосни и точни.

**Член 36**

Доколку субјектот на податоците пред давателот на податоците ја оспори целосноста или точноста на податоците доставени до кредитното биро, давателот на податоци е должен за тоа веднаш да го извести кредитното биро.

**Член 37**

(1) По приемот на известување за оспорување на целосноста или точноста на податоците доставено од давателот на податоци до кредитното биро, давателот:
- спроведува проверка на оспорените податоци,
- ги прегледува сите релевантни податоци добиени од кредитното биро и
- ги соопштува резултатите од проверката на кредитното биро.
(2) Давателот на податоци е должен проверката на податоците да ја заврши во рок од 15 дена од приемот на известувањето за оспорување на целосноста и/или точноста на податоците доставени до кредитното биро.

## III. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИЗВЕШТАИТЕ

### 1. Деловна тајна

**Член 38**

Податоците и извештаите за поединечните лица кои се стекнати при вршење на било кои активности на кредитното биро, претставуваат деловна тајна која кредитното биро, сите даватели на податоци и корисници на податоци се должни да ја заштитат и чуваат.

**Член 39**

Сите лица кои имаат пристап до податоците и извештаите од член 38 на овој закон се обврзани да ги чуваат и да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

**Член 40**

Обврската за чување на тајноста на податоците не се однесува во следниве случаи:

- ако со закон е пропишано објавување или доставување на податоците и информациите,
- по барање на извршител,
- лицето дало писмена согласност за откривање на податоците и
- по писмено барање од суд.

**Член 41**

Кредитното биро ги доставува податоците и извештаите единствено на барање на субјектот на податоци, на корисник на податоци, на суд или на извршител.

### 2. Заштита на податоците

**Член 42**

При обработката, чувањето и преносот на добиените податоци, кредитното биро, давателите на податоци и корисниците на податоци се должни да обезбедат заштита на податоците и да воспостават соодветни административни, технички и организациски мерки кои ќе овозможат расположливост, интегритет и доверливост на податоците.

**Член 43**

Мерките на заштита на податоците задолжително се уредуваат во договорот кој кредитното биро го склучува со давателите, односно корисниците на податоците.

**Член 44**

При дефинирање на мерките на заштита од член 43 на овој закон, се применуваат мерките предвидени за заштита на личните податоци.

### 3. Чување на податоците при престанок со работа

**Член 45**

Во случај кредитното биро да престане со работа, податоците се пренесуваат на соодветен медиум кој обезбедува соодветна заштита и се чуваат во Архивот на

Република Македонија во рок од пет години од денот на престанокот на кредитното биро.

**Член 45-а**

(1) Кредитно биро може да ги разменува извештаите кои ги има добиено согласно со овој закон со странски кредитни бироа или субјекти од други земји кои прибираат и обработуваат податоци за обврските и други податоци и изготвуваат извештаи за субјектите на податоци.
(2) Размената на извешаите се врши врз основа на реципроцитет и договор со кој се уредува начинот на размената.
(3) Размената од ставот (1) на овој член се врши согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци кои се однесуваат на преносот на лични податоци во други држави.

## III-а. НАДОМЕСТОЦИ, СМЕТКОВОДСТВО И ИЗВЕШТАИ

**Член 45-б**

(1) Кредитното биро за издавање на извештаите од членот 7 став (1) на овој закон наплатува надоместоци.
(2) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член се утврдува со Тарифник кој го донесува органот на управување на кредитното биро.
(3) Тарифникот од ставот (2) на овој член се објавува на интернет страницата на кредитното биро.

**Член 45-в**

Кредитното биро го води сметководството и ги изготвува финансиските извештаи согласно Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување.

**Член 45-г**

(1) Кредитното биро еднаш годишно изготвува извештај кој особено содржи:
1) број на субјекти на податоци за кои има оформено досие, вкупно и поединечно за правни и физички лица;
2) број на субјекти кои имаат обврски по кредити и лизинг, вкупно и поединечно за правни и физички лица;
3) поднесени барања за сопствени извештаи, вкупно и поединечно за правни и физички лица;
4) поднесени барања од корисници на податоци, вкупно и поединечно за правни и физички лица;
5) поднесени писмени известувања за оспорување на податоци, вкупно и поединечно за правни и физички лица и за исходот од постапката и
6) субјекти на податоци со доцнење во исполнување на обврските, вкупно и поединечно за правни и физички лица, со просечен период на доцнење и износ што е во задоцнување.
(2) Кредитното биро го објавува на својата интернет страница извештајот од ставот (1) на овој член најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година.

## IV. НАДЗОР

### Член 46

Надзор над спроведувањето на овој закон врши Дирекцијата за заштита на лични податоци во делот на заштитата на личните податоци.

## V. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 47

За прекршоците предвидени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

### Член 48

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитното биро, ако:

1) извештаите содржат податоци спротивно на членот 7 од овој закон;

2) обезбеди податоци спротивно на членот 11-а од овој закон;

3) изготви извештај за субјектот на податоците без да постои барање од страна на корисник на податоци или субјектот на податоците, или извештајот содржи податоци за други лица поврзани со субјектот на податоците, вклучувајќи и податоците за жирантите, кокредитобарателите и солидарните должници, или ако извештајот содржи податоци за идентитетот на давателите на податоци до кредитното биро со обврски на субјектот кон одделните даватели на податоците (член 16 ставови (2), (3) и (4));

4) податоците за субјектот на податоците не ги чува во рок од пет години по исплата на обврската или затворање на сметката на субјектот на податоците (член 19);

5) на барање на субјектот на податоци не ги достави податоците од членот 24 став (1) на овој закон;

6) достави лажни или неточни податоци (член 25);

7) повторно не ги провери податоците со надоместок или не го евидентира статусот на оспорените податоци во извештајот и/или досието за субјектот на податоци (член 28 став (2));

8) не ги известува сите даватели на податоци кои обезбедиле каков било дел од оспорените податоци, најдоцна во рок од пет работни дена од датумот на добиеното известување или не им ги обезбеди сите релевантни информации кои се предмет на оспорување (член 29);

9) не изврши проверка на оспорените податоци или не го извести субјектот на податоци дека не постојат објективни причини и докази за проверка на податоците (член 30 став (1));

10) не избрише дел од податоците во извештајот и/или досието и за тоа веднаш не го извести субјектот на податоци и корисникот на тие податоци (член 31 став (1));

11) по бришењето на податоци од досието на субјектот на податоци внесе податоци во досието без лицето да достави доказ со кој се потврдува дека податоците се целосни и точни или не го извести субјектот на податоците за повторното

внесување на податоци од извештајот и/или досието во писмена форма во рок од пет работни дена (член 31 ставови (2) и (3));
12) проверката на податоците не ја заврши во рок под 15 дена од приемот на известувањето за оспорување или резултатите од проверката писмено не ги достави до субјектот на податоците во рок од 5 дена (член 32 став (1));
13) не стави забелешка дека податоците се оспорени од субјектот на податоци (член 32 став (2));
14) не ги заштити и чува податоците и извештаите за поединечните лица кои ги стекнало при вршењето на која било активност (член 38);
15) податоците и извештаите не ги користи исклучиво за целите за кои се добиени или податоците и извештаите ги открие на трети лица (член 39 );
16) не обезбеди заштита на податоците или не воспостави соодветни административни, технички и организациски мерки кои ќе овозможат расположливост, интегритет и доверливост на податоците (член 42);
17) мерките за заштита на податоците не се регулирани во договорот кој го склучува кредитното биро со давателите или корисниците на податоците (член 43) и
18) не го води сметководството и не ги изготвува финансиските извештаи во согласност со членот 45-в од овој закон.
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за кредитното биро ќе се изрече на одговорното лице во кредитното биро за прекршоците од ставот (1) на овој член.

**Член 48-а**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитното биро, ако:
1) не ја објави формата на извештаите кои ги изготвува за субјектите на податоците, на својата интернет страница или на друг начин формата на извештаите не ја направи достапна за давателите и корисниците на податоци (член 17 став (1));
2) на веб страницата и во деловните простории на кредитното биро не објави известување за правата и обврските на давателите на податоци и на корисниците на податоци што произлегуваат од овој закон и актите на кредитното биро (член 23);
3) на барање на субјектот на податоци не достави информација за неговите права и обврски од овој закон и актите на кредитното биро или не воспостави посебна телефонска линија која ќе биде достапна во текот на работното време (член 26);
4) не го објави тарифникот на начин пропишан со членот 45-б став (3) од овој закон и
5) не го објави извештајот во рок (член 45-г став (2)).
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за кредитното биро ќе се изрече на одговорното лице во кредитното биро за прекршоците од ставот (1) на овој член.

**Член 49**

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давател на податоци – правно лице, односно трговец поединец ако:

1) доставува податоци до кредитното биро за кои постои сознание дека се погрешни или невистинити (член 33);

2) не презема мерки со цел податоците кои ги доставува до кредитното биро да бидат целосни и точни или доставува податоци до кредитното биро за кои бил известен од субјектот на податоците дека конкретниот податок е неточен (член 34 ставови (1) и (2));

3) податоците се нецелосни и неточни и за тоа веднаш не го извести кредитното биро или не ги доставува корекциите на податоците или кои било дополнителни информации до кредитното биро со цел добивање на точни и целосни податоци (член 35 став (2));

4) не го извести кредитното биро дека субјектот на податоците ја оспорил целосноста и/или точноста на податоците (член 36);

5) не ги заштити и чува податоците и извештаите за поединечните лица со кои се стекнал при вршењето на било која активност (член 38);

6) податоците и извештаите не ги користи исклучиво за целите за кои се добиени или податоците и извештаите ги открие на трети лица (член 39);

7) не обезбеди заштита на податоците или не воспостави соодветни административни, технички и организациски мерки кои ќе овозможат расположливост, интегритет и доверливост на податоците (член 42) и

8) мерките за заштита на податоците не се регулирани во договорот кој го склучува со кредитното биро (член 43).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за давателот на податоци – правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во давателот на податоци – правно лице, односно трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на давател на податоци – физичко лице кое не се смета за трговец согласно со Законот за трговските друштва.

**Член 50**

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на корисникот на податоци - правно лице, односно трговец поединец ако:

1) не ги заштити и чува податоците и извештаите за поединечните лица кои ги стекнал при вршењето на која било активност (член 38);

2) податоците и извештаите не ги користи исклучиво за целите за кои се добиени или податоците и извештаите ги открие на трети лица (член 39);

3) не обезбеди заштита на податоците или не воспостави соодветни административни, технички и организациски мерки кои ќе овозможат расположливост, интегритет и доверливост на податоците (член 42) и

4) мерките за заштита на податоците не се регулирани во договорот кој го склучува со кредитното биро (член 43).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за корисникот на податоци – правно лице, односно трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во корисникот на податоци – правно лице, односно трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член на корисникот на податоци – физичко лице кое не се смета за трговец согласно со Законот за трговските друштва и на физичко лице.

**Член 50-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

Кредитното биро е должно да ги донесе актите предвидени со овој закон во рок од 30 дена од денот на основањето на кредитното биро.

**Член 52**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

### Завршна одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11)

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

### Завршна одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/14)

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

### Завршна одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија“ бр.192/15)

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Завршна одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18)**

**Член 22**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.